# ОСНОВИ НА ПРАВО НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

**Раководител на предметната програма**

проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска

| **Опис на предметната програма** |
|---|
| Предметната програма ги презентира основите на индустриската сопственост. Предметната програма опфаќа содржини кои се однесуваат на поимот и изворите на првото од индустриска сопственост, како носителите, субјектите и содржината на различните права од индустриска сопственост. Исто така, се опфаќаат и аспектите на прометот со правата од индустриска сопственост, како и аспектите на спроведувањето на заштитата на правата на индустриска сопственост. |
| **Цели и резултати што треба да се постигнат** |
| Со изучување на предметната програма кандидатите ќе се стекнат со знаења за основите на правото на индустриска сопственост, видовите права и титуларите на правата. Истовремено ќе се обучат да ги препознаат и разликуваат правата на индустриска сопственост во предметите што секојдневно ги опкружуваат. Кандидатите преку едукацијата ќе треба да се стекнат со знаења како да ги разликуваат творците од носителите на правата (физички и правни лица), но и да осознаат кои права им припаѓаат (морални, материјални и други).<br>Целата на предметот право на индустриска сопственост е да ги оспособи студентите за следново:<br>• да го разберат комплексниот систем на правото на индустриска сопственост, како и неговата правна нормираност;<br>• да ги разберат различните видови права на индустриска сопственост и начинот на нивно настанување, остварување и заштита:<br>• да стекнат способност за ефикасна примена на регулативата од оваа област, како ново и перспективно правно подрачје;<br>• да стекнат знаења за основите на меѓународното регулирање на правата од индустриска сопственост;<br>• да се запознаат со модалитетите на промет со правата од индустриска сопственост;<br>• да се запознаат со модалитетите на правна заштита на правата од индустриска сопственост. |
| **Содржина на предметната програма** |
| 1. Поим на правото на индустриска сопственост<br>2. Систем на правото на индустриска сопственост<br>3. Извори на правото на индустриска сопственост<br>4. Носители на правата на индустриска сопственост<br>5. Содржина на правата на индустриска сопственост<br>a. патент<br>b. топографија на интегрално коло<br>c. индустриски дизајн<br>d. трговска марка |

| |
|---|
| e. ознака на потеклото и географска ознака<br>f. трговска тајна<br>g. знаење и искуство<br>6. Промет со правата од индустриска сопственост<br>a. договор за пренос<br>b. договор за лиценца<br>7. Заштита на правата од индустриска сопственост<br>a. општо за граѓанската заштита<br>b. општо за казнената заштита<br>c. општо за управната заштита |
| **Задолжителна литература** |
| Дабовиќ-Анастасовска, Ј. и Пепељугоски В., *Права од интелектуална сопственост*, Академик, Скопје, 2012;<br>Закон за индустриската сопственост (Службен весник на РМ, бр. 21/09 и 24/11);<br>Закон за заштита на топографијата на интегралните кола (Службен весник на РМ, бр. 05/98 и 33/06);<br>Закон за облигационите односи (Службен весник на РМ, бр. 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09 и 161/2009). |